Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 50-2952/10
30.04.2025 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

**До: Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, што го утврди на седницата, одржана на 29 април 2025 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Број на седница и датум:** 71, 29.04.2025 12:00
**Архивски број:** 50-2952

**Претсетадел на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2025.04.30 10:47:44 +02:00

Подготвил: Христина Мишевска, 29.04.2025
Проверил: Катерина Јаневска, 29.04.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 29.04.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 30.04.2025

Одобрил: Хасим Муртезани,
заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Hasim Murtezani
Date: 2025.04.30 09:34:07 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 30.04.2025 09:29 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=55deea1e-aa63-4bd3-ad8d-b981bb014f4d&docSharePointURL=/materijali/2025/638773918847948851/Documents/act.docx&materialId=3164e0e7-b27a-4a33-9d2a-f8d570068c87 |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и

Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд

ПОВЕРЕНИЦИ: Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и

Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

Скопје, април 2025 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 103/21 и 274/22) се уредуваат прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавач, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата, во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24), Министерството за труд и социјална политика се преименуваше во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а работите кои се однесуваат на работните односи, вработувањето и вработеноста, заштитата на работниците при работењето, материјалното обезбедување на привремено невработените и платите и животниот стандард, преминаа во надлежност на Министерството за економија и труд.

Имајќи предвид дека правната рамка треба да ја следи постоечката административна и институционална структура и дека треба да постојат јасни надлежности и одговорности на органите на управата, при што нема да се создадат правни празнини кои понатаму би довеле до правна несигурност на граѓаните, потребно е одредбите од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност да се усогласат со споменатите измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Освен тоа, со Предлогот на закон се врши терминолошко усогласување со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22), како и усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24), во однос на називот на Државната комисија.Од овие причини како и заради овозможување на конзистентност на правниот систем во државата, се пристапи кон донесување на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22), како и со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

Член 1

Во Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18, 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19, 103/21 и 274/22), во членот 3-б зборовите „на граѓани“ се бришат.

Член 2

Во член 61 во ставот (2) зборовите „министерот надлежен за работите од обласτа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 3

Во член 74 во ставот (6) зборовите „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”, а зборовите „министерот за информатичко општество и администрација” се заменуваат со зборовите „министерот за јавна администрација”.

Член 4

Во член 81 во ставот (2) зборовите „министерството надлежно за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 5

Во член 87-е став (6) во воведната реченица и член 87-ж во ставот (8) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 6

Во член 87-и во ставот (8) зборовите „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Во ставот (10) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 7

Во член 87-њ во ставот (3), член 87-о во ставот (6) и член 87-р во ставот (4) зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 8

Во член 88 во ставот (3) зборовите „Министерството за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите „Министерството за јавна администрација”.

Член 9

Во член 90 став (1) во алинејата 12 зборовите „министерството надлежно за работите на трудот“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 10

Во член 91 во ставот (3) зборовите „министерот надлежен за работите на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Во став 4 точка 5) во воведната реченица, по зборот „(сертификат)“ запирката и зборовите „не постар од пет години“ се бришат.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 6 точката се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:
„- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски јазик) на најмалку ниво Б2 (B2), од Европската референтна рамка за јазици, издадена од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“

Член 11

Во член 94 во ставовите (1) и (2), зборовите „Министерството надлежно за работите на трудот“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Член 12

Во член 98-а во ставот (5) зборовите „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите „Министерството за економија и труд”.

Во ставот (8) зборовите „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 13

Во член 98-и во ставот (9) и член 100-а во ставот (3) зборовите „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите „министерот за економија и труд”.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен весник на Република Северна Македонија” .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност содржи 14 члена.

Со членовите од Предлогот на закон се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/24) со кои се врши пренесување на досега пропишаните надлежности на Министерството за труд и социјална политика во Министерството за економија и труд.

Освен тоа, се врши терминолошко усогласување со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22), како и со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24), во однос на називот на Државната комисија. Со членот 14 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон се врши усогласување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), со што ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во работите кои се однесуваат на работните односи и заштитата на работниците при работењето, со Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22) и со Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 194/24.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО И ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

### Член 3-б

За целите на овој закон, учесници во правните односи и во спроведувањето на работите од размената на трудот се: органите на државната управа, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со центрите за вработување, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, работодавачите, приватните агенции за вработување, правните и физичките лица кои извршуваат активности на образование и подготовка за пазарот на трудот и професионално советување, невработените лица и лицата кои бараат вработување, самовработените лица, државјаните на држава која не е членка на Европската унија и држава која е договорна страна на Договорот за Европската економска област и Швајцарската конфедерација, здруженија на граѓани и фондации и воспоставување на партнерство за спроведување на специфични проекти и програми за поддршка на вработувањето, согласно со посебен договор.

III. ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧ И НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА
3. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА, УПИС И БРИШЕЊЕ НА ЛИЦЕТО ОД ЕВИДЕНЦИЈАТА

Член 61

Агенцијата ги води следниве регистри на:
- евидентирани невработени лица,
- евидентирани лица со привремена неможност за вработување,
- учесници во програми на активни политики за вработување,
- евидентирани други лица кои бараат работа и
- корисници на јавни средства од Агенцијата и спроведувачи на мерки предвидени со овој и друг закон.

Формата, содржината и начинот на водењето на регистрите од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

IV. ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ
4. ВРЕМЕ ЗА КОЕ СЕ ИСПЛАТУВА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК

Член 74

Паричниот надоместок на невработеното лице му припаѓа од денот на престанокот на работниот однос, ако невработеното лице поднесе барање до Агенцијата кај кој е уплатуван придонесот за вработување, во рок од 30 дена од денот на престанокот на работниот однос.

Ако невработеното лице поднесе барање по истекот на рокот од став 1 на овој член, паричниот надоместок му припаѓа од денот на поднесувањето на барањето за преостанато време.

Паричен надоместок не му припаѓа на невработеното лице кое поднело барање, по истекот на времето за кое според член 71 од овој закон имало право на исплата на паричниот надоместок.

Овластеното службено лице од Агенцијата кое ја води постапката е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето, по службена должност да ги прибави доказите и податоците потребни за докажување на исполнетоста на условите од членот 65 од овој закон.

Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците од ставот 4 на овој член е должно да ги достави бараните докази и податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на барањето од ставот 1 на овој член и потребната документација за остварување на правото на паричен надоместок ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот, во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.

## V. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ

### Член 81

По барањето за остварување на правата од членот 80 став 1 од овој закон Агенцијата каде што е евидентирано невработеното лице донесува решение во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Жалбата против решението од ставот 1 на овој член се поднесува до министерството надлежно за работите од областа на трудот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението и не го одлага извршувањето на решението.

### Член 87-е

Во случај кога потребата од давател на јавни услуги се обезбедува со објавување на јавен оглас, истиот треба да се објави во најмалку два дневни весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. За прашањата поврзани со објавување јавен оглас се применуваат општите прописи за работни односи.

Кога вработувањето на даватели на јавни услуги се врши по пат на јавен оглас, истиот треба да ги содржи условите што се бараат за вршење на работата, почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време, распоредот на работното време и паричниот износ на основната плата за работното место за кое се бара давател на јавни услуги и рокот за пријавување, кој не смее да биде пократок од три работни дена. Директорот на Агенцијата формира Комисија за селекција за вработување, која е составена од претседател и два члена од редот на вработените и нивни заменици, со исто или повисоко звање со давателот на јавни услуги за кое работно место е објавен јавниот оглас, а еден член на комисијата е лице вработено во организационата единица за управување со човечки ресурси.

Постапката по јавниот оглас се спроведува во две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет дена по завршувањето на административната селекција, Комисијата спроведува интервју.

По завршената административна селекција и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување составува ранг-листа која во рок од пет дена му ја доставува на директорот и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. При составувањето на ранглистата Комисијата за селекција за вработување ги применува одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, за вработувањата на кандидати со припадност на заедницата, согласно со годишниот план на Агенцијата.

Директорот донесува одлука за вршење избор или неизбор на кандидат, во рок од осум дена по приемот на ранг-листата од Комисијата за селекција за вработување, која се објавува на веб страницата на Агенцијата. Против одлуката, незадоволните кандидати може да изјават жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавувањето на веб страницата на Агенцијата. По конечноста на одлуката за избор на кандидат, директорот склучува договор за вработување со избраниот кандидат.

Член 87-ж

Во случаи кога пополнувањето на слободно работно место се врши по пат на објавување на интерен оглас, истиот се објавува на огласната табла на Агенцијата. При постапката за унапредување се почитува начелото за правична застапеност. Постапката за унапредување може да започне откако ќе се добие известување за обезбедени финансиски средства.

Интерниот оглас содржи податоци за работното место кое треба да се пополни и за потребните услови кои треба да ги исполни давателот на јавни услуги, согласно со овој закон и актот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Агенцијата и рок за пријавување на интерниот оглас, кој не може да биде пократок од пет работни дена од денот на неговото објавување. На интерниот оглас може да се пријави давател на јавни услуги вработен во Агенцијата, кој ги исполнува општите и посебните услови пропишани за соодветното ниво во овој закон и во актот на систематизација, како и:
- да е оценет со оцена „4” или 5“ при последното оценување,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите се пријавуваат на интерниот оглас со поднесување на пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата и истата преку архивата ја доставуваат до организационата единица за управување со човечки ресурси. Рокот за пријавување не може да биде пократок од пет, односно подолг од десет дена, од денот на неговото објавување.

Директорот формира Комисија за селекција за унапредување, составена од три члена од кои еден давател на јавни услуги со исто или повисоко звање со давателот на јавни услуги за кое работно место е објавен интерниот оглас, еден вработен во организационата единица за управување со човечки ресурси и раководителот на организационата единица во која се пополнува работното место.

Постапката по интерниот оглас се спроведува во две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката на селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршувањето на административната селекција комисијата спроведува интервју.

По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг - листа и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. Во рок од три работни дена од добивање на предлогот, директорот е должен да донесе одлука за избор. Одлуката за избор се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Директорот може да донесе одлука за невршење на избор и во истата е должен да ги наведе причините за нејзиното донесување.

Против одлуката за избор или невршење на избор на давател на јавни услуги, незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на објавување на веб страницата.

Член 87-и

Давателите на јавни услуги, задолжително се оценуваат еднаш годишно и тоа најдоцна до 1 декември за тековната година.

Оценувањето на давателот на јавни услуги го врши непосредно претпоставениот (во натамошниот текст: оценувачот).

Оценувачот со оценка „1", „2", „3", „4" или „5" ја оценува работата на давателот на јавни услуги во однос на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на програмата за работа на установата, реализацијата на индивидуалниот план за стручно усовршување и однесувањето на давателот на јавни услуги, а го зема предвид и извештајот од полугодишното интервју.

Годишната оценка на давателот на јавни услуги се добива врз основа на оценката на оценувачот која учествува со 60%, како и од просечната оценка од двајца други даватели на јавни услуги во Агенцијата со кои оценуваниот имал непосредна соработка (во натамошниот текст: другите оценувачи), која учествува со 40%.

Другите оценувачи ги бира давателот на јавни услуги во договор со неговиот оценувач и истите со оценки „1", „2", „3", „4" или „5" ги оценуваат општите работни компетенции на давателот на јавни услуги и предлагаат начини на подобрување на работата на давателот на јавни услуги.

За спроведување на оценувањето од страна на други оценувачи, директорот на Агенцијата, најдоцна до 1 октомври е должен да донесе решение во кое ќе го назначи времето и местото на спроведување на оценувањето и ќе формира комисија за спроведување на оценувањето.

Оценувачите од ставот 5 на овој член се должни на пропишан образец да ги оценат давателите на јавни услуги и да ги достават обрасците за оценување до Комисијата во утврденото време и место за спроведување на оценувањето.

Формата и содржината на образецот од ставот 7 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

По завршувањето на оценувањето, копија од образецот за оценување се доставува и до давателот на јавни услуги.

Годишната оценка на давателот на јавни услуги може да биде:

- „особено се истакнува", доколку има вредност од 4,51 до 5,00,
- „се истакнува", доколку има вредност од 3,51 до 4,50,
- „задоволува", доколку има вредност од 2,51 до 3,50,
- „делумно задоволува", доколку има вредност од 1,51 до 2,50 и
- „не задоволува", доколку има вредност од 1,00 до 1,50.

Против оценката на ефектот, незадоволниот давател на јавни услуги има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена по приемот на копијата на образецот за оценување.

Материјална одговорност на давателите на јавни услуги.

Член 87-њ

Дисциплинска мерка за дисциплинска неуредност на давателот на јавни услуги изрекува директорот на Агенцијата, во рок од осум дена од денот на добиениот писмен извештај од непосредно претпоставениот.
Пред изрекување на дисциплинската мерка давателот на јавни услуги се известува писмено за наводите на извештајот од ставот 1 на овој член што постојат против него и истиот има право да даде писмен одговор на извештајот од ставот 1 на овој член, во рок од три дена.

Против одлуката за изрекување на дисциплинска мерка незадоволниот давател на јавни услуги има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 87-о

Давателот на јавни услуги во Агенцијата е одговорен за штетата која на работа или во врска со работата, намерно или од крајна небрежност, ја предизвикал на Агенцијата.
Директорот на Агенцијата формира Комисија за утврдување на материјалната одговорност на давателот на јавни услуги.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од три члена и нивни заменици вработени во Агенцијата кои не можат да бидат со пониско звање од давателот на јавни услуги против кого се води дисциплинската постапка.

Комисијата од ставот 2 на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

Комисијата од ставот 2 на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој директорот на Агенцијата донесува решение за надоместок на штета.

Против решението од ставот 5 на овој член, давателот на јавни услуги во Агенцијата има право да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истото.

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.

Член 87-р

Решението за престанок на работен однос на давателот на јавни услуги го донесува директорот.

Решението за престанок на работниот однос се врачува лично на давателот на јавни услуги во работните простории на Агенцијата, односно на адреса на неговото живеалиште.

Ако давателот на јавни услуги не може да се пронајде на адресата на живеалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла на Агенцијата и по изминувањето на осум дена се смета дека решението е врачено.

Против решението давателот на јавни услуги има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 88

Организацијата на Агенцијата, органите, нивната надлежност и начинот на одлучување, како и другите прашања значајни за работата и работењето на Агенцијата поконкретно се уредуваат со Статутот на Агенцијата.
Согласност на Статутот на Агенцијата дава Владата на Република Северна Македонија.
Согласност на актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата дава Министерството за информатичко општество и администрација.

## 2. УПРАВУВАЊЕ

Член 90

Управниот одбор на Агенцијата:
- донесува статут и други акти;
- донесува програма и план за работа;
- донесува акти за организација и работа на Агенцијата и општ акт за систематизација на работите на Агенцијата;
- утврдува Буџет и завршна сметка на Агенцијата;
- управува со средствата на Агенцијата;
- одлучува за преземање мерки за создавање услови за вработување на невработените лица;
- одлучува за користење на средствата на Агенцијата;
- го следи остварувањето на обврските кои произлегуваат од меѓународни конвенции и меѓудржавни спогодби од областа на вработувањето;
- разгледува прашања, извештаи, информации и други материјали во врска со состојбите и проблемите во областа на вработеноста, вработувањето и невработеноста и други работи од надлежност на Агенцијата;
- презема мерки за обезбедување и функционирање на информативниот систем во областа на вработувањето;
- основа комисии и други работни тела;
- најмалку еднаш годишно поднесува извештај за својата работа и за работата на Агенцијата до министерството надлежно за работите на трудот и Владата на Република Северна Македонија и
- одлучува и за други работи утврдени со закон и Статут на Агенцијата.

## 3. РАКОВОДЕЊЕ

Член 91

Со Агенцијата за вработување раководи директор.

Директорот на Агенцијата за вработување има заменик.

Директорот на Агенцијата за вработување и заменикот на директорот ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот надлежен за работите на трудот.

За директор на Агенцијата за вработување и за заменик на директорот може да биде именувано лице кое:
1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција,забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
4) има најмалку пет години работно искуство во струката и
5) поседува меѓународно признат доказ (сертификат), не постар од пет години, за положен испит по англиски јазик, и тоа:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).
Мандатот на директорот и на заменикот на директорот трае четири години, со можност за повторен избор.

## VIII. НАДЗОР

### Член 94

Министерството надлежно за работите на трудот, врши надзор над спроведувањето на овој закон.

Министерството надлежно за работите на трудот може да запре од извршување општ акт на Агенцијата, ако не е во согласност со Уставот и закон и во рок од 15 дена ќе покрене постапка пред Уставниот суд на Република Северна Македонија за оцена на уставноста и законитоста на истиот.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ

### Член 98-а

Работодавачот од приватен сектор кој ќе вработи невработено лице, корисник на социјална парична помош, кај кого нема намалување на бројот на вработените на неопределено време три месеци пред денот на вработувањето на нови работници, освен во случаи на смрт или пензионирање, ќе добие субвенција за вработеното лице во висина од 80% од висината на социјалната парична помош исплатена на лице/домаќинство за претходниот месец од месецот во кој лицето е вработено.

Работодавачот од ставот 1 на овој член на вработеното лице му исплатува најмалку минимална плата утврдена со закон за полно работно време.

Субвенцијата од ставот 1 на овој член се исплатува во период од 24 месеци врз основа на поднесено барање од работодавачот до Агенцијата, со обврска да го задржи на работа ова лице уште 24 месеци по завршувањето на периодот на субвенционирање.

Доколку работникот го откаже договорот за вработување, работодавачот на негово место може да вработи друг работник корисник на социјална парична помош.

Средствата за исплата на субвенцијата од ставот 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за труд и социјална политика, а ќе се исплаќаат преку Агенцијата.

Работодавачот кој неосновано ќе го откаже договорот за вработување од ставот 1 на овој член исплатата на средствата се прекинува, а работодавачот има обврска за враќање на средствата.

Ако работодавачот не ги исполни условите од ставовите 1 и 2 на овој член го губи правото на субвенција.

Поблиските услови и начинот на исплата на субвенцијата од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 98-и

(1) Доколку при вршењето на инспекциски надзор инспекторот на трудот утврди дека работодавачот, односно одговорното лице во правното лице сторил прекршок утврден во членот 99 од овој закон, е должен за сторениот прекршок да состави записник, согласно со закон и со решение на работодавачот, односно одговорното лице во правното лице да му изрече инспекциска мерка опомена и да му определи рок во кој е должен да ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.
(2) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот (1) на овој член, инспекторот на трудот утврди дека неправилностите и недостатоците с? уште не се отстранети, со решение изрекува наредба за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.
(3) Решението од ставовите (1) и (2) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот, согласно со закон.
(4) Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстранети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот (1) на овој член, инспекторот на трудот ја запира постапката, со констатација во записникот согласно со закон.
(5) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот на трудот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот, согласно со закон.
(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, инспекторот на трудот е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциска мерка согласно со закон.
(7) Против решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до надлежниот орган за одлучување во втор степен согласно со закон.
(8) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставовите (1), (2) и (6) на овој член.
(9) За изречените опомени Државниот инспекторат за труд води евиденција, на начин пропишан од страна на министерот надлежен за работите од областа на трудот.

## X. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 100-а

(1) Инспекторот на трудот пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршокот од членовите 99 и 100 од овој закон, е должен на одговорното лице или од него овластено лице кај работодавач да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.
(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.
(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.